Department of Ageing, Disability & Home Care

# ПРОГРАМИ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО 2005 Г.:

# ПРЕОД КОН РАБОТНОТО МЕСТО И УЧЕСТВО ВО ЗАЕДНИЦАТА

# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ

## 1. Програми по завршувањето на училиштето за учениците што завршуваат во 2005 г.

Во 2005 г., Department of Ageing, Disability and Home Care (Оддел за постари и онеспособени лица и нега во домот) отпочна две училишни програми, Програмата за преод кон работното место (Transition to Work Program) и Програмата за учество во заедницата (Community Participation Program). Програмата за преод кон работното место и Програмата за учество во заедницата ја заменуваат поранешната Програма за обука, образование и поддршка на возрасни лица (Adult, Training, Learning & Support - ATLAS program).

## 2. Што е тоа Програма за преод кон работното место?

Програмата за преод кон работното место ги поддржува онеспособените лица што завршиле училиште да развијат вештини и способности што ќе им помогнат да почнат да работат, да стекнат стручно образование и обука, или високо образование. Оваа поддршка може да се добива до две години по завршувањето на училиштето.

Повеќето онеспособени лица што завршуваат училиште директно ќе преминат на работа, во стручно образование и обука или во високо образование. Сојузната влада пружа низа разновидни услуги што му помагаат на онеспособеното лице што почнува да работи, или се запишало во стручно училиште или во високото образование.

Целта на Програмата за преод кон работното место е да им помогне на лицата што завршуваат училиште и на кои им е потребна поголема краткорочна поддршка од онаа што може да ја пружат овие служби, а не да ја удвои таа поддршка.

За секое лице во Програмата се изработува План за преод што е заснован на неговите силни страни, способности и работни цели. Планот ги зацртува целите на лицето и услугите и начините на постапување што ќе се применат за да му се помогне на лицето да ги оствари тие цели. Планот се изработува заеднички со лицето, со неговото семејство, негувател и/или застапник.

## 3. Кој ги исполнува условите за Програмата за преод кон работното место?

За да може да учествува во Програмата за преод кон работното место, лицето мора да ги исполнува сите следни услови и мора да биде:

- лице што завршило училиште во 12 одделение;
- онеспособено лице со умерени до високи потреби за поддршка што е оценето како способно за работа преку постапката утврдена од страна на Department of Ageing, Disability and Home Care (DADHC);
- на возраст од 18 или повеќе години во првата година од учеството во Програмата;[1]
- постојан жител на Нов Јужен Велс;
- лице што сака да учествува во програма што ќе ги поддржува неговите идни работни или образовни цели; и
- лице што не работи, не е запишано во училиште за стручно образование и обука или во високото образование.

## 4. Што е тоа Програма за учество во заедницата?

Програмата за учество во заедницата на онеспособените лица што завршуваат училиште и што имаат умерени до високи потреби од поддршка и на кои им е потребна замена за платено вработување, за стручно образование и обука или за високо образование им пружа можности за продолжено учење, развивање на животни вештини и способности и учество во заедницата што ги зголемуваат самостојноста на лицето што завршило училиште и неговата способност да ги оствари своите животни цели.

[1] Бидејќи NSW Department of Education and Training е одговорен да обезбедува образование додека лицето да наврши 18 години, лице помладо од 18 години ќе биде примено само во исклучителни околности, и тоа со претходно одобрение од страна на Регионалниот директор на DADHC.

Секое лице во Програмата има План за учество во заедницата што е заснован на неговите силни страни, вештини, способности и интереси. Планот ги зацртува целите на лицето и услугите и начините на постапување што ќе се применат за да му се помогне на лицето да ги оствари тие цели. Планот се изработува заеднички со лицето, со неговото семејство, негувател и/или застапник.

## 5. Кој ги исполнува условите за Програмата за учество во заедницата?

За да може да се вклучи во Програмата за учество во заедницата, лицето мора да ги исполнува сите следни услови и мора да биде:

- лице што завршило училиште во 12 одделение;
- онеспособено лице со умерени до високи потреби за поддршка;
- оценето од DADHC како погодно да учествува во Програмата за учество во заедницата;
- на возраст од 18 или повеќе години во првата година од учеството во Програмата;
- постојан жител на Нов Јужен Велс; и
- лице што не работи, не е запишано во училиште за стручно образование и обука или во високото образование.

## 6. Кои услуги ги пружаат програмите?

Програмата за преод кон работното место и Програмата за учество во заедницата ги спроведуваат даватели на услуги ширум Нов Јужен Велс. Многу од тие служби се невладини организации што ги финансира Department of Ageing, Disability and Home Care за да ги испорачуваат услугите од Програмата.

## 7. Каква е постапката за лицата што завршуваат училиште во 2005 г.?

Department of Ageing Disability and Home Care ја усогласува постапката за лицата што завршуваат училиште во 2005 г. во соработка со NSW Department of Education and Training (Оддел на Нов Јужен Велс за образование и обука), Association of Independent Schools (Здружение на независни училишта) и Catholic Education Commission (Комисија за католичко образование).

Клучните датуми за 2005 г. се:

| *Датум* | *Фаза* |
|---|---|
| *доцна во јули 2005 г.* | Често поставувани прашања и повеќе информации на местото на интернет на DADHC www.dadhc.nsw.gov.au |
| *рано во август 2005 г.* | Комплетите за регистрација се распределуваат по школите |
| *август - септ. 2005 г.* | Регистрација: учениците ќе бидат оценети од учителите преку електронскиот систем Human Services Network (HS Net) |
| *рано во октомври 2005г.* | Учениците и нивните семејства ќе бидат известени за резултатите од оценувањата |
| *октомври 2005 г.* | Одделот ќе ги разгледа жалбите поднесени од младите луѓе и нивните семејства |
| *рано во декември 2005 г.* | Младите луѓе и нивните семејства ги одбираат давателите на услугите |

## 8. Повеќе информации?

Ве молиме јавете се на дежурната телефонска линија на Програмите по завршувањето на училиштето на 1800-761-030.